АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# СТУДИЈА

## за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струга

Скопје,
јануари 2018

## Содржина

Вовед…......................................................................................................................3

Оправданост за објавување јавен конкурс од аспект на целите на Законот.........................4

Постојна понуда.......................................................................................................5

Економско работење на постојаните радиостаници...............................................................8

Податоци за слушаноста........................................................................................10

Потенцијална публика.........................................................................................11

Потенцијални огласувачи.....................................................................................12

Заклучоци и наоди................................................................................................13

## Вовед

Оваа Студија е изработена за да се утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за локално радио на подрачјето на општина Струга, особено од аспект на исполнувањето на целта на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката. Студијата е изработена откако претходно во Агенцијата беше доставено „Писмо со намери“ (арх. бр.03-4666/1 од 24.10.2017 година) од страна на физичкото лице Дејан Јанкоски од Струга, за отворање радио на локално ниво на подрачјето на оваа општина.

Постапувајќи во согласност со одредбите од член 70 од Законот, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по приемот на Писмото со намери се обрати до Агенцијата за електронски комуникации (допис бр.03-4666/2 од 26.10.2017 година) и побара информација дали има слободна фреквенција за емитување радио програма на територијата на општина Струга, за локацијата на предавателот и за јачината на истиот. На 06.11.2017 година, Агенцијата за електронски комуникаци достави известување (наш.бр 03-4666/3) дека има слободна фреквенција, поточно дека *„начелни параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на општина Струга се следните:*

- *Ефективна иззрачена моќност: 500 W;*
- *Фреквенција: 102.2 MHz;*
- *Предавателна локација: Вишни.“*

Во оваа студија е даден преглед на состојбите од аспект на постојната понуда на радио содржини и од аспект на пазарниот потенцијал на подрачјето на Струга, врз основа на кои е донесен и заклучок за оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за локално радио на ниво на ова подрачје.

## 1. Оправданост за објавување јавен конкурс од аспект на целите на Законот

Според член 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, целта на овој закон е во Република Македонија особено да се обезбеди: развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; промовирање на слободата на изразување; развој на независната продукција; поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници; поттикнување на творештвото, образовниот и научниот развој; заштита на интересите на корисниците особено на малолетните лица; развој на медиумската писменост; транспарентен, независен, ефикасен и отчетен јавен радиодифузен сервис; транспарентно, независно, ефикасно и отчетно регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; техничко-технолошки развој на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, конвергенција со електронските комуникации и услугите на информатичко општество; поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и реемитувањето на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи; и развој на економијата во Република Македонија.

Локалните медиуми се важни за обезбедување плурализам и разновидност на програмската понуда и за обезбедување демократски амбиент во општеството, особено поради тоа што тие на публиката и нудат информации од локален карактер, за коишто најчесто нема простор во програмската понуда на „големите“ медиуми. Факт е дека за да ја привлечат локалната публика, тие треба да информираат за локални случувања, односно за теми од подрачјето на коешто емитуваат програма. Во контекст на ова, во член 74 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е предвидено дека при оценување на пријавите за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско или радио емитување, доколку дозволата се однесува за телевизиско или радио емитување на регионално или локално ниво, освен општите критериуми, како дополнителен критериум е наведена понудената застапеност на програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето во кое ќе се емитува програмата.

Во „Писмото со намери“ доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, покрај другото, е наведено и дека на програмскиот сервис на радиото *„ќе преферираме музика од поднебјето, односно 60% македонска поп, рок и народна музика, додека останатите 30% би емитувале музика од балканските екс ју простори, <u>сето тоа проследено со вести и информации кое го засегаат локалното подрачје</u>. Знам дека во Струга нема вакво радио кое емитува ваква музика, затоа мислам дека ќе сме единствени и уникатни и ќе успееме во нашата работа“.*

## 2. Постојна понуда

Радио програма на подрачјето на општина Струга емитуваат три локални радиостаници, и тоа Трговското радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга, Друштвото за телекомуникации и радиодифузија ПЛЕЈ РАДИО Струга ДООЕЛ и Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Општина Велешта ДООЕЛ.

РА Дрини е музичко-говорно радио од општ формат, а РА Плеј и РА Ррапи се говорно-музички радија со претежно информативен општ формат. Говорниот дел на програмскиот сервис на РА Плеј се емитува на македонски јазик, а на РА Дрини и РА Ррапи на албански јазик.

РА Дрини е музичко-говорно радио од општ формат, што значи дека емитуваната музика на овој програмски сервис е од различни музички жанрови и ниту еден од нив не е застапен со повеќе од 70% во вкупно емитуваната музика во текот на една седмица. РА Плеј и РА Ррапи, пак, се говорно-музички радија со претежно информативен општ формат, а тоа значи дека говорните содржини од програмата на овие радиостаници исполнуваат претежно информативна функција која не смее да биде застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица.

Неделно, трите радиостаници заедно емитуваат говорни содржини во времетраење од вкупно 69 часа, од кои 15 часа се емитуваат на програмскиот сервис на РА Дрини, а по 27 часа на програмските сервиси на РА Плеј и РА Ррапи.

Најголем дел од говорниот дел на РА Дрини (11 часа неделно) се програми коишто исполнуваат информативна функција. Поточно, овој радиодифузер три часа во текот на неделата емитува вести/ТВ дневници, а по два часа актуелно-информативна програма, актуелно-информативна програма со документаристички пристап, инфо-сервис и информативно-забавна програма. Останатите четири часа емитува содржини со забавна функција, и тоа два часа музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма), а два друга забавна програма. Во рамки на говорниот дел на оваа радиостаница воопшто не се емитуваат програми кои исполнуваат образовна функција.

Од вкупно 27 часа говорна програма, 16 часа неделно радиостаницата Плеј одвојува за емитување содржини со информативна функција, еден час за содржини со образовна и десет часа за содржини со забавна функција. Од програмите коишто исполнуваат информативна функција најзастапена е актуелно-информативната програма, која се емитува во времетраење од пет часа неделно. Други видови програми кои ги емитува овој радиодифузер, а кои имаат информативна функција се: информативно-забавна програма (четири часа неделно), информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки (три часа неделно), вести (два часа неделно) и инфо-сервис (два часа неделно). Од говорните содржини со образовна функција РА Плеј емитува само документарна програма, и тоа само еден час неделно, а од содржините со забавна функција емитува четири часа неделно забавно-информативна програма и по два часа

неделно забавно-образовна програма, спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини) и друга забавна програма.

Структурата на говорните содржини коишто во текот на една недела се емитуваат на програмскиот сервис на РА Ррапи е следна: 16 часа информативна програма (четири часа вести, шест часа актуелно-информативна говорна шоу програма, четири часа информативно-забавна програма и два часа инфо-сервис), еден час образовна програма (образовно-забавна програма) и десет часа забавна програма (четири часа забавно-информативна програма, пет часа игри - натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри) и еден час друга забавна програма.

**Структура на говорниот дел на програмата во текот на една недела**

| | Видови програма | Времетраење по вид програма (часови и минути) | | |
|---|---|---|---|---|
| | | РА Дрини | РА Плеј | РА Ррапи |
| Информативна функција | Вести/ТВ дневници | 03:00:00 | 02:00:00 | 04:00:00 |
| | Актуелно-информативна програма | 02:00:00 | 05:00:00 | |
| | Актуелно-информативна програма со документаристички пристап | 02:00:00 | | |
| | Актуелно-информативна говорна шоу програма | | | 06:00:00 |
| | Преноси или снимки од седници на органите на власта | | | |
| | Преноси или снимки од општествено-политички настани | | | |
| | Информативни магазин | | | |
| | Специјализирани информативни емисии | | | |
| | Информативно-забавна програма | 02:00:00 | 04:00:00 | 04:00:00 |
| | Инфо-сервис | 02:00:00 | 02:00:00 | 02:00:00 |
| | Информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | | 03:00:00 | |
| | Друга информативна програма | | | |
| Образовна функција | Образовна програма | | | |
| | Образовно-забавна програма | | | 01:00:00 |
| | Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација | | | |
| | Документарна програма | | 01:00:00 | |
| | Документарно-забавна програма | | | |
| | Образовна програма од областа на уметноста,културата и хуманистичките науки | | | |
| | Документарна програма со религиозна тематика | | | |
| | Друга образовна програма | | | |
| Забавна функција | Забавно-информативна | | 04:00:00 | 04:00:00 |
| | Забавна говорна шоу програма | | | |
| | Забавно-образовна програма | | 02:00:00 | |
| | Забавно-документарана програма | | | |
| | Програми со хороскоп/тарот/јасновидци или толкување соништа | | | |
| | Спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини) | | 02:00:00 | |
| | Радио драма (серии, серијали, хумор и сатира) | | | |
| | Музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма) | 02:00:00 | | |
| | Игри (натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри) | | | 05:00:00 |
| | Друга забавна програма | 02:00:00 | 02:00:00 | 01:00:00 |
| | **вкупно** | **15:00:00** | **27:00:00** | **27:00:00** |

Во текот на една недела, РА Дрини емитува 138 часа музика, а РА Плеј и РА Ррапи по 126 часа. Најголем дел од музиката која ја емитува РА Дрини е популарна (80%). Од неа пак, 50% е поп, а 30% е електронска музика/техно. Емитуваната музика на програмскиот сервис на РА Плеј е во целост популарна, односно забавна. Повеќе од половината од неа (57%) е поп музика. Кај РА Ррапи пак, доминира народната музика (65%), најголем дел од која (35%) е етно музика. Забавната музика кај оваа радиостаница е застапена со 35% во вкупно емитуваната музика. 25% од овој вид музика е поп музика. Ниту една од овие радиостаници на својата програма не емитува класична и духовна музика.

Во табелата подолу е дадено учеството на секој вид музика во структурата на вкупно емитуваната музика во текот на една недела кај секоја од трите радиостаници.

**Структура на емитуваната музика во текот на една недела**

| Вид | Жанр | Времетраење (%) | | |
|---|---|---|---|---|
| | | РА Дрини | РА Плеј | РА Ррапи |
| Народна | Традиционална | 10% | | 20% |
| | Етно/World music | | | 35% |
| | Новосоздадена народна музика | 10% | | 10% |
| | **Вкупна народна музика** | **20%** | | **65%** |
| Популарна (забавна) | Поп | 50% | 57% | 25% |
| | Џез | | 4% | 5% |
| | Блуз | | 1% | 5% |
| | Рок/Рок енд рол | | 24% | |
| | Електронска музика/техно | 30% | 14% | |
| | **Вкупна забавна музика** | **80%** | **100%** | **35%** |
| Класична | | | | |
| Духовна | | | | |
| **Вкупна музика** | | **100%** | **100%** | **100%** |

64% од музиката којашто ја емитува РА Дрини е на албански јазик, 30% на англиски, 3% на македонски, 2% на турски и 1% на ромски јазик. Од вкупно емитуваната музика на РА Плеј во текот на неделата, 50% е на македонски јазик, 40% на англиски, 4% на шпански, 1% на француски и 5% на други јазици. РА Ррапи, пак, неделно емитува 55% албанска музика, 20% англиска, 5% турска и 20% музика на други јазици.

Секоја од овие три радиостаници во текот на неделата емитува по 15 часа други програмски сегменти, како што се: аудио комерцијални комуникации, објави на радиодифузерот во врска со неговите сопствени програми, соопштенија од јавен интерес, апели за добротворни цели, интермецо, верски програми, служби и проповеди, програми за физичка култура и рекреација, најавни и одјавни шпици, џинглови и авизо.

## 3. Економско работење на постојаните радиостаници

Во 2016 година, РА Дрини, РА Плеј и РА Рапи заедно оствариле вкупни приходи во износ од 1.547.380,00 денари. Од нив, повеќе од половина (54,48%) биле приходите коишто ги остварила РА Ррапи. РА Плеј успеала да оствари 43,36%, а РА Дрини само 2,17% од вкупните приходи на овие три радиостаници.

**Движење на вкупните приходи на локалните радиостаници во општина Струга во последните три години**




Во периодот од последните три години, РА Дрини остварила највисоки приходи во 2015 година (0,06 милиони денари), РА Плеј во 2016 година (0,67 милиони денари), а РА Ррапи во 2014 година (0,98 милиони денари). Во 2016 година, повисоки приходи отколку во претходната година остварила само РА Плеј (за 17,99%), додека приходите на РА Дрини и РА Ррапи се намалиле, и тоа за 39,29%, односно за 13,39%.

Во 2016 година, единствен извор на приходи за секоја од овие радиостаници била продажбата на времето за рекламирање. Исклучиво од реклами биле и вкупните приходи коишто РА Дрини ги остварила во претходните две години, како и приходите на РА Плеј остварени во 2014 година. Во табелата подолу се претставени вкупните приходи, како и приходите од реклами на секоја радиостаница во 2014, 2015 и 2016 година.

| радиостаница | 2014 | | 2015 | | 2016 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупни приходи | приходи од реклами | вкупни приходи | приходи од реклами | вкупни приходи | приходи од реклами |
| РА Дрини | 20,600.00 | 20,600.00 | 55,250.00 | 55,250.00 | 33,540.00 | 33,540.00 |
| РА Плеј | 417,084.00 | 417,083.00 | 568,616.00 | 563,110.00 | 670,890.00 | 670,890.00 |
| РА Ррапи | 983,015.00 | 926,054.00 | 973,279.00 | 765,528.00 | 842,950.00 | 842,800.00 |

РА Рапи остварувала највисоки приходи од реклами во секоја од последните три години.

Во сите три години, добивка во континуитет остварувала само радиостаницата Ррапи. РА Дрини работела со загуба само во 2015 година, а РА Плеј само во 2014 година.

**Финансиски резултат од работењето во последните три години**



## 4. Податоци за слушаноста

Според податоците од истражувањата коишто по нарачка на Агенцијата ги спроведе истражувачката агенција Маркет Вижн од Скопје, најслушана од овие три радиостаници во 2017 година била РА Ррапи. Просечниот дневен досег на програмскиот сервис на овој радиодифузер изнесувал 5.60%, а просечниот неделен досег 10.83% (просечниот дневен и неделен досег се пресметани како однос помеѓу бројот на испитаници што ја слушале радиостаницата подолго од една минута во претходниот ден, односно претходната недела и вкупната популација на подрачјето на коешто таа емитува програма).

**Просечен дневен и просечен неделен досег во 2017 година**




Највисок просечен дневен досег радиостаницата Дрини имала во првите четири месеци од годината, а највисок просечен неделен досег во периодот мај-јуни. Највисок просечен дневен досег РА Плеј имала во мај и јуни, како и во четвртиот квартал од 2017 година (5.63%), а највисок неделен досег во мај-јуни. Кај РА Ррапи, просечниот дневен и неделен досег биле највисоки во периодот мај-јуни (7.04%, односно 15.49%).

Во табелите подолу се претставени вредностите за просечниот дневен и неделен досег на трите радиостаници.

| | просечен дневен досег | | | |
|---|---|---|---|---|
| | јануари-април | мај-јуни | јули-септември | октомври-декември |
| РА Дрини | 4.11% | 2.82% | 2.82% | 1.41% |
| РА Плеј | 4.11% | 5.63% | 4.23% | 5.63% |
| РА Ррапи | 5.48% | 7.04% | 5.63% | 4.23% |

| | просечен неделен досег | | | |
|---|---|---|---|---|
| | јануари-април | мај-јуни | јули-септември | октомври-декември |
| РА Дрини | 6.85% | 7.04% | 5.63% | 2.82% |
| РА Плеј | 9.59% | 11.27% | 8.45% | 7.04% |
| РА Ррапи | 12.33% | 15.49% | 8.45% | 7.04% |

## 5. Потенцијална публика

На 31.12.2016 година, на територијата на општина Струга имало вкупно 65.801 жител[1]. Од нив, 32.877 биле мажи, а 32.924 биле жени. Според возраста, најбројни кај населението биле лицата на возраст од 25 до 29 години (6.627 лица, од кои 3.428 мажи и 3199 жени).

**Број на население според старосни групи од по пет години**




Што се однесува до етничката структура на населението, според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија[2] од 2002 година, повеќе од половината биле од албанска националност (56,85%).

| националност | број на жители |
|---|---|
| Македонци | 20,336 |
| Албанци | 36,029 |
| Турци | 3,628 |
| Роми | 116 |
| Власи | 656 |
| Срби | 106 |
| Бошњаци | 103 |
| Останато | 2,402 |

[1] Податоците за бројот на населението се преземени од Државниот завод за статистика и истите може да се најдат на следниот линк: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__ProcenkiNaselenie/126_Popis_Ops_NasPolStar3112_mk.px/?rxid=5fe9be5f-9400-4b60-bf7d-99ea59c6ebe6

[2] Публикацијата „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија од 2002 година е достапна на веб страницата на ДЗС на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/knigaXIII.pdf

## 6. Потенцијални огласувачи

Радиодифузерите коишто емитуваат програма на локално ниво, времето за рекламирање најчесто го продаваат на локалните деловни субјекти. На крајот од 2016 година, вкупниот број активни деловни субјекти на подрачјето на Струга, коишто би можеле да се јават како потенцијални огласувачи на програмските сервиси на РА Дрини, РА Плеј и РА Ррапи, изнесувал 2,115[3].

Во периодот од 2014 до 2016 година, бројот на деловни субјекти во оваа општина се зголемувал од година в година, односно во 2014 година тој изнесувал 2,052, во 2015 година 2,073 и во 2016 година 2,115 субјекти.

Најголем дел од деловните субјекти во 2016 година биле микро претпријатија (80,05%), односно претпријатија кај кои во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето, биле исполнети следните два критериуми: просечниот број на вработени, врз основа на часовите на работа, да е до 10 работници и бруто приходот што го остварил субјектот од кој било извор да не надминува 50.000 евра во денарска противвредност. Во табелата подолу се дадени податоците за бројот на активни деловни субјекти според нивната големина, во секоја од последните три години.

| | микро | мали | средни | големи | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | 1684 | 356 | 11 | 1 | 2052 |
| **2015** | 1689 | 372 | 10 | 2 | 2073 |
| **2016** | 1693 | 410 | 11 | 1 | 2115 |

Од вкупно 81 општина во Република Македонија, повеќе активни деловни субјекти од Струга во 2016 година имале само 12 општини, од кои пет се скопски, и тоа: Центар (6,987), Карпош (3,914), Аеродром (3,575), Гази Баба (2,745) и Кисела Вода (2,739). Останатите седум општини со повеќе активни деловни субјекти биле: Битола (3,790), Тетово (3,430), Куманово (3,028), Прилеп (2,787), Охрид (2,680), Гостивар (2,513) и Струмица (2,428).

[3] Податоците за бројот на активни деловни субјекти се земени од веб страницата на Државниот завод за статистика и истите се достапни на следниот линк: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/325_DelSub_Op_03AcDSbG_mk.px/?rxid=28ce4263-22ae-4ff4-81f4-b789fc2d994d

Заклучоци и наоди

Радио програма на ниво на општина Струга емитуваат три радиостаници (Дрини, Плеј и Ррапи). РА Дрини е музичко-говорно радио од општ формат, а РА Плеј и РА Ррапи се говорно-музички радија со претежно информативен општ формат.

Говорните содржини на програмскиот сервис на РА Плеј се емитуваат на македонски јазик, а на РА Дрини и РА Ррапи на албански јазик. Во текот на неделата, трите радиостаници заедно емитуваат 69 часа говорни содржини (15 часа се емитуваат на програмскиот сервис на РА Дрини, а по 27 часа на програмските сервиси на РА Плеј и РА Ррапи), 390 часа музика (138 на РА Дрини и по 126 часа на РА Плеј и РА Ррапи) и 45 часа други програмски сегменти (по 15 часа на секоја радиостаница).

Во 2016 година, трите радиостаници заедно оствариле вкупни приходи во износ од 1.547.380,00 денари, од кои 54,48% биле приходите коишто ги остварила РА Ррапи, 43,36% приходите на РА Плеј и 2,17% приходите на РА Дрини. Во оваа година, единствен извор на приходи за секоја радиостаница била продажбата на времето за рекламирање. Најзначајни огласувачи на локалните радиостаници се локалните претпријатија. На 31.12.2016 година, вкупниот број активни деловни субјекти на подрачјето на Струга изнесувал 2.115. Најголем дел од нив биле микро претпријатија (80,05%).

Потенцијалната публика во општина Струга брои вкупно 65.801 жител, од кои 32.877 биле мажи, а 32.924 биле жени. Најбројни според возраста биле лицата на возраст од 25 до 29 години (6.627 лица).

Со оглед на важноста на локалните медиуми за обезбедување демократски амбиент во општеството, за заштита и поттикнување на културниот идентитет, како и фактот што на публиката и нудат информации од локален карактер, а имајќи го предвид писмото со намери во кое меѓу другото заинтересираната страна наведува дека *„...ќе преферираме музика од поднебјето..., 60% македонска поп, рок и народна музика...сето тоа проследено со вести и информации кое го засегаат локалното подрачје...“,* заклучокот што произлегува од оваа Студија е дека **постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Струга, и тоа за <u>музичко говорно радио од општ формат, на македонски јазик</u>.**